**20170771384**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став (6) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16 и 74/17), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 22.6.2017 година, донесе

## УРЕДБА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА, КОРИСНИЦИТЕ НА СРЕДСТВАТА, МАКСИМАЛНИТЕ ИЗНОСИ И НАЧИНОТ НА ДИРЕКТНИТЕ ПЛАЌАЊА ЗА 2017 ГОДИНА

Член 1 Во Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2017 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.192/16, 32/17 и 73/17), во член 2 став 2 во табелата во подмерката 1.10 по алинејата 2 се додава нова алинеја 3 која гласи:

„- По исклучок, за корисниците кои имаат засадени површини со праски и се корисници од подмерката 1.9 на оваа уредба и имаат остварено и предадено производство во преработувачки капацитети за овошје во земјата или во странство, директно или преку еден регистриран откупувач по откупна цена не повисока од 5 денари по килограм, во период од 12 јуни 2017 година до 30 јуни 2017 година, висината на директните плаќања изнесува 6 денари по килограм.“.

Член 2 Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-2895/1
22 јуни 2017 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.